ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за реализирани активности по Програмата за уредување на градежно земјиште за 2023 год.**

**Општ дел**

Уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура е основен предуслов за развој на општината. Уредувањето се врши преку изградба на надземна или подземна инфраструктура (локални улици и патишта, хидротехнички објекти –водоводи, канализации, атмосферски канализации, уредување и регулирање на водотеци, електро мрежа за напојување и улично осветлување, гасоводна и топловодна мрежа и сл.), а се со цел урбанизираните подрачја да се подготват за изградба на објекти со станбена и деловна намена. Може да се каже дека и посебните годишни програми кои ги донесува Советот на општината се во функција на остварување на програмата за уредување на градежно земјиште.

Бидејки изградбата на надземна и подземна инфраструктура за уредување на градежното земјиште во поголем дел е третирана во посебни програми, односно во Програмите за изградба, реконструкција и одржување на локални улици и патишта, во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на хидротехнички објекти –водоводи и канализации, како и во Програмата за јавно осветлување, во овој извештај се опфатени изградбата, реконструкција или одржување на други објекти.

Според Законот за градежно земјиште:

Градежно земјиште е земјиштето кое е планирано со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-проектна документација, општ акт или проект за инфраструктура;

Уредено градежно земјиште е земјиштето на кое се изградени објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежна парцела на јавен пат, објекти на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација, со приклучоци до градежна парцела

Инфраструктурен објект е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен сообраќај), подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации, предвидени со проект за инфраструктура и

Градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во сопственост на, јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна

Македонија и во сопственост на домашни и странски физички и правни лица, под услови утврдени со овој и друг закон.

Сопственоста на градежното земјиште на физички и правни лица вклучува и право на градење на земјиштето, користење на земјиштето, како и право на пренесување на правото на градење на други лица, согласно со овој и друг закон. Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да се стекнат со право на сопственост на градежно земјиште од физички и правни лица.

Градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна службеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе правото на сопственост и на него да се востановат други стварни права, на начин и под услови утврдени со закон.

Програмата за уредување на според Законот за градежно земјиште и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденостги опфаќа следните следниве аспекти

- Просторот кој е предмет на уредување.
- Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.
- Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната комунална инфраструктура.
- Извори на финансирање на Програмата.
- Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште.
- Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба.
- Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата.
- Динамика на извршување на програмата.

Според законот може да се уредува само градежно земјиште за кое постои урбанистичко-планска документација, а за потребната линиска инфраструктура (надземна или подземна) има инфраструктурен проект, односно урбанистички проект за инфраструктура.

Од погоре наведеното произлегува дека Реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште, односно планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурни објекти поврзани со уредување на градежно земјиште во голема мерка е зависна од урбанистичките документи, односно од донесени важечки Генерален урбанистички план, детални урбанистички планови за градот и општи акти за селата и населените места кои се вон опфатот на урбанистичките планови. Од тоа зависи можноста за прибавување на сите други неопходни документи за обезбедување на одобрение за градба, како за инфраструктурните објекти кои ги гради општината, така и за градбите на правни и физички лица. Непостоењето на соодветна урбанистичка документација за делови од градот (посебно десниот брег) но и за приградските населби и селата резултирал во минатото со голем број на бесправно изградени објекти.

Како што е наведено и во извештаите за реализација на оваа програма од претходните години мора да се напомене дека Донесувањето на Законот за легализација на бесправни објекти наместо да ја спречи, се чини дека уште повеќе ја стимулираше бесправната градба, а од друга страна овозможи легализација на голем број објекти за симболичен надоместок, со што општината остана ускратена за значителен приход кој би требало да се прибере по основ на комуналии за уредување на градежно земјиште. Од друга страна со бесправното градење, узурпација на земјиштето и просторот се создадоа

големи проблеми во планирањето и изградбата на соодветна инфраструктура. За жал и покрај заострените казнени мерки во Законот за градење (бесправното градење се смета за кривично дело) и обидот на општината со намалување на надоместокот за комуналии да го стимулира законското градење, праксата покажува дека и понатаму има бесправно градење, а прибраните средства по основ на легално градење се незначителни.

Во изминатата 2023 год согласно на Законот за легализација на бесправни градби уберени се средства во износ од 1.962.784 денари, а од комуналниот надоместок за уредување на градежно земјиште по склучени пресметки и договори 6.470.804,оо денари, што е значително над предвидената сума од програмата и повеќегодишниот проесек од изминатите години.

Уберените финансиски средства од надоместокот за уредување на градежното земјиште во изминатата година се значително над повеќегодичниот просек, но сепак не се доволни за изградба на инфраструктурните објекти на делови од градот каде што не се целосно завршени, како и за инвестирање во инфраструктура за уредување на градежно земјиште во приградските населби или села за кои постои урбанистичко-планска документација. Поради тоа, најголем дел од средствата се обезбедуваат од други извори, односно од домашни и меѓународни фондови и институции.

Во текот на 2023 година према расположивите финансиски средства од Буџетот на Општината и средства од други извори се реализира дел од Програмата за уредување на градежното земјиште, посебно во делот на изработка на техничка документација, регулација на водотеци, изградба на потпорни зидови, уредување на јавни површини, и др. градежни активности. Овде треба да се напомене дека планирањето и изградбата на други објекти од обласа на комуналната инфраструктура (како што се патишта, водоводи, канализации и др.) се третирани во посебни програми и извештаи.

Во текот на 2023 година се водеа и постапки за регулирање на имотно –правни работи за делови од приватен имот кои беа зафатени со градба на инфраструктурни објекти. Притоа беше извршена потполна експропријација или воспоставена комунална службеност.

Во продолжение се реализирани активности по програмата за уредување на градежно земјиште од обласа на комуналната инфраструктура, а кои не се опфатени со посебните програми за локална патна мрежа, водоводи и канализации и улично осветлување.

### 1. Изработка на техничка документација

Во текот на изминатата 2023 година интензивно се работеше на подготвување на целокупна техничка документација и обезбедување на одобренија за градба за проекти за кои од порано биле изработени основни проекти, а се работеше и на нова техничка документација и тоа:

**Во делот на изработка на техничка документација за атмосферски канализации:**

-Докомпплетирана е техничка документација за атмосферска канализација на делови од гл.улица Св.Јоаким Осоговски“ во склоп на проектна документација за реконструкција на улицата на потегот од Соларски Мост до дол Единство, (за кој веќе е извршен вовед во градба), како и за атмосферска канализација на делот од дол Единство до клучка на излез кај Технички Преглед.

-Изработена е техничка документација за атмосферска канализација на дел од Ул. Моша Пијаде и на дел од ул 11-ти октомври. (кај Социјално)

**Во делот на изработка на техничка документација за регулација на буици и водотеци**

-Обезбедена е нова водостопанска согласност и извршена е доработка на проектна документација за речно корито на Крива Река за дел 1 и дел 4 (обезбедено е ново одобрение за градба и изградбата на регулација на минор -коритото на дел 4 за должина од 463 м. е во постапка за јавна набавка бидејки средства се обезбедени преку БРР во износ од околу 16.5 мил. денари.

**Во делот на изработка на техн.документација и елаборати за поставување на урбана опрема за спортско-рекреативни и детски игралишта**

-Изготвени се и одобрени елаборати за спортско-рекреативни и детски катчиња на повеќе локалитети како што се кај Метереолошка, Болничка Ливада, нас.Илинден, а во завршна фаза е изработката и на други елаборати на неколку други локации.

**Во делот на изработка на техничка документација за изградба, реконструкција и санација на мостови и пропусти.**

-Докомплетирана е техничката документација за реновирање и одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје и обезбедени се решенија/одобренија за изведба.

-Започнати се активности за изработка на техничка документација за колско-пешачки мост на Крива Река кон м.в.Крстата Падина (геомеханика, хидролошки податоци и сл.) . Средствата за проектирање се обезбедени преку УНДП.

**-Во делот на изработка на техничка документација за потпорни зидови на критични локации во град Крива Паланка:**

-Изработена е техничка документација за потпорен зид позади стар „Пролетер“ на ул Наско Тамбурков, накај ОУ Илинден.

-Започнато е проектирање на потпорен зид на дел од ул Ратко Минев и проектот ќе биде усогласен со проектот за р-ја на улицата Р.Минев на тој дел.

**-Во делот на изработка на техничка документација за доградба, надградба, реконструкција и адаптација на објекти и простори каде сопственик е општина Крива Паланка.**

-Извршена е делумна преработка на проектот и комплетирана е техничката документација со сите фази за реконструкција и адаптација на ученички дом Боро Менков во Дом за стари лица према насоките од Министерство за труд и социјала и обезбедено е одобрение за градење. За реализација на проектот е аплицирано и веќе е донесена и Одлука на Владата за обезбедување на средства.

- Обезбедена е комплетна техничка документација за реконструкција на Дом на култура со срества обезбедени преку Министерство за култура во вредност од 800.000 денари, и кофинансирање од општината во вредност од околу 500.000. денари.

**За изработка на техничка документација за горенаведените проекти потрошени се околу 2.000.000 денари.**

**2. Изградба и реконструкција**

Во текот на 2023 година започнаа со градба или реализирани се следниве објекти:

**Изградба и реконструкција на атмосферски канализации**

-Завршена е изградба на атмосферска канализација на дел од ул.Македонска преку средства обезбедени од Министерство за Животна средина и просторно планирање во вредност од 2.776.130 денари со ДДВ и со должина од 210 м.

**Изградба на регулации на буици и водотеци, уредување на речни корита, одржување и чистење**

-Започната е изградба на регулација на Домачки Дол во вкупна вредност од 6.950.924 ден. со ДДВ, преку средства обезбедени од Министерство за Животна средина и просторно планирање во вредност од 3.500.000 со ДДВ, и кофинансирање од општината. Досега се изведени околу 50% од предвидената должина од 822м и останува да се изведе преостанатата должина со кофинансирање од страна на општината.

**Изградба, реконструкција и санација на потпорни ѕидови**

-Извршена е санација и реконструкција на армирано бетонски или зидови од камен на улици чија градба беше неопходна за да се постигне стабилност и заштита на коловозот на улиците и пешачки пристапни патеки, особено по појава на свлечишта и одрони по поплавите и невремето во текот на мај и јуни 2023 год., и тоа:

-Потпорен зид на ул Осоговска
-Потпорен зид на крак од ул. Климент Охридски кон Цонев Рид
-Потпорен зид на крак од ул. Херој Карпош (карши Лилаков Мост)
-Потпорен зид на ул Калин Камен

Вкупна вредност на потрошените средства преку договор за градежно-занатски работи за горенаведените работи е околу 1,5 мил.денари.

**Изградба и поставување на спортско -рекреативни и детски игралишта**

-Изградено е повеќенаменско игралиште во с.Мождивњак-м.в. Дубје (преку АМС) во вредност од околу 6.000.000 денари
-Поставување на фитнес центар на отворено кај спортски комплекс (преку АМС) во вредност од околу 3.000.000 денари
-Уредена е јавна површина и поставена е урбана опрема за спортско-рекреативни и детски игралишта на повеќе локации преку средства обезбедени од буџетот на општината во вредност од околу 3.000.000 денари.
-во нас.Скрљава (болничка ливада, кај чешма ),
-во нас.Илинден, (кај ул.Ѓорче Петров)
-Во нас. Баглак, испод метереолошка станица,
-Со средства обезбедени како донација преку ромска организација и учество на општината беше поставено спортско-рекреативни и детски игралиште на простор испод зградите кај нас. Единство во вкупна вредност околу 600.000 денари.
-Со средства како донација поставено е Детско игралиште во двор на детска градинка Детелинка, објект Пролетна роса
-Со средства како донација поставено е Детско игралиште во двор на детска градинка Детелинка ( Рома актед програма)
-Кај спортскиот комплекс со средства обезбедени преку УНДП беше уредена јавна површина и изведена памп трака за велосипеди во вкупна вредност околу 4.700.000 денари.

-Беа Уредени дворните места и беа изградени спортски терени во дворовите на ОУ Илинден, ПУ Конопница и ОУ Св.Јоаким Крчовски

**Изградба на рекреативни патеки и тротоари**

-Беше завршена изградбата на пешачката патека Висока зона -лев брег како и реконструкција и доизградба на тротоарите на дел од ул Св.Јоаким Осоговски со средства обезбедени преку СИПР и БРР и кофинансирање од страна на општината во вкупна вредност од околу 13.500.000 денари со ддв.

**Санација на свлечишта**

-Времено беа санирани неколку свлечишта на територија на општината за нужно одвивање на сообраќај на повеќе локации после невремето во текот на мај и јуни 2023 година. За трајно решавање на проблемот со свлечиштата појавени на улица Св.Јоаким Осоговски (над Осички Мост) и на стариот пат кон Манастир во тек е изработка на техничка документација. После тоа ќе се врши и санација на истите со средства обезбедени преку Владата и ЈПДП.

Потрошени се средства во износ од околу 500.000 денари.

**Изградба, реконструкција и санација на мостови и пропусти**

-Извршена е времена санација на неколку мостови (претежно пешачки) на реки и долови на територија на општината, по барање и во соработка со месни заедници или со месното население кое ги користи како единствени пристапи, а кои се последица од чести дождови и невремето во текот на месец јуни 2023 г.

Потрошени се средства во износ од околу 500.000 денари.

**Изградба и уредување на паркинг простори или поставување на монтажни конструкции за паркирање.**

-Извршено е уредување на просторот кај стар зелен пазар и на одредени локации кај речното корито како времен паркинг за лесни возила. Потрошени се средства во износ од околу 2.000.000 денари.

**3. Спроведување на експропријација**

-Извршена е или е во тек експропријација или воспоставена е комунална службеност на делови од приватен имот за реализација на објекти кои се погоре наведени (други објекти)

**4. Рекапитулација на вредност на активности:**

1. Изработка на техничка документација .................................................. 2.000.000 ден.
2. Изградба, реконструкција, уредување на јавни површини, санација ...25.000.000 ден.
3. Набавка и поставување на урбана опрема .......................................... 3.000.000 ден.
4. Спроведување на експропријација ........................................................ 500.000 ден.

Вкупно ............ 30.500.000 ден.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај**